## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ, ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

Надлежност на Одделението за комунални работи, локални патишта и улици е да ја следи состојбата со комуналната инфраструктура во општината и да се грижи за нејзино одржување и подобрување. Тоа подразбира изградба на нови патишта и улици во општината, како и тековно и зимско одржување на постојните согласно Законот за јавни патишта, изградба на нови водоводни и канализациони линии во градот и населените места во Општината, како и изградба на нови и одржување на постојните системи за улично осветлување како во градот така и во населените места од општината.

Одделението има надлежност за пресметување на комунален надомест при изградба на нови објекти кои подлежат на истиот.

### Улици и патишта

### 1. Државни патишта на територија на општина Пробиштип

На територијата на општина Пробиштип поминуваат следните државни патишта:

**Р 206** Врска со М2 Кратово - Пробиштип - врска со М5

**Р 211** Бучиште(врска со Р206)- Злетово - Лесново - Пробиштип (врска со Р206)

**Р 210** Свети Николе - Мечкуевци - Пуздерци - Неокази (врска со Р206)

**Р 519** Кочани (врска со М5)- Пониква - Злетово (врска со Р211)

Од овие државни патишта целосно под асфалт се Р206 и Р211, додека од Р210 под макадам е 6090м колку што е потребно да се доасфалтира за да се поврзе Пробиштип со Свети Николе со скратена асфалтна врска со што ќе се скрати постојната преку Штип за Свети Николе за околу 25км.

Со доизградбата на Р519 во должина од 13744м кој дел во моментов е само пробиен земјан пат ќе се оствари врска на општината Пробиштип директно до СРТЦ Пониква.

Надлежноста за одржување на државните патишта е на Агенцијата за државни патишта

### 2. Општински патишта и улици

Согласно Законот за јавни патишта надлежноста за нивна изградба, одржување и заштита е на Општина Пробиштип преку Одделението за комунално уредување, локални патишта и улици.

На територијата на Општина Пробиштип населените места се поврзани со општинскиот центар со патна мрежа која е со следни карактеристики.

## Должина на општинска патна мрежа по вид на коловоз

| рб | вид на коловоз | должина (км) |
|---|---|---|
| 1 | асфалт | 43,6 |
| 2 | тампон | 5 |
| 3 | земјан | 15,1 |
| | вкупно | 63,7 |
| | | |

Градот Пробиштип е поврзан со мрежа од улици од кои повеќето се со современа асфалтна покривка, но има и такви кои треба да бидат асфалтирани во иднина.

## Должина на улична мрежа во општината по вид на коловоз

| рб | вид на коловоз | должина (км) |
|---|---|---|
| 1 | асфалтен | 32,12 |
| 2 | тампон | 6,64 |
| 3 | земјан | 13,4 |
| | вкупно | 52,16 |

## Јавно осветлување

Јавното осветлување во Пробиштип и населените места во кои е спроведено со живини светилки од 125, 250  и400 Вати. Во општината има вкупно инсталирано 1219 светилки.

Општината Пробиштип има 34 населени места од кои во 31 има инсталирано улично осветление, а трите во кои нема се со многу мал број на жители.

Светилките се поставени на на вкупно 1179 столбови (метални, бетонски и дрвени), а целокупната мрежа се командува од 62 командно мерни места.

Целокупната мрежа на уличното осветлување во градот Пробиштип и населените места воглавно ги задоволува потребите на граѓаните на Општината, со напомена дека  поради  енергетска неефикасност на постојните живини светилки се планира во иднина нивна целосна замена со енергетски ефикасни (флуоресцентни и натриумови).

Одржувањето и изградбата на нови улици, патишта и мрежа за  улично осветлување на територијата на Општина Пробиштип се реализира преку програми кои ги донесува Советот на Општината.